Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел од дневни настани 25.10.2023

На 24.10.2023 година во 22.00 часот во Радовиш полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Радовиш ги лишиле од слобода С.С. (26) и С.В. (26) и двајцата од Радовиш. При преглед на патничкото возило „алфа ромео" со радовишки регистерски ознаки, управувано од С.С., во кое сопатник бил С.В., била пронајдена марихуана, а марихуана била пронајдена и при преглед на С.С. Во службениот разговор во Полициската станица Радовиш С.С. признал дека поседува марихуана и во неговиот дом, по што ја предал на полициските службеници. За настанот бил запознаен Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Радовиш, а по целосно документирање на случаите против лицата ќе бидат поднесени соодветни пријави.

Денеска (25.10.2023) во 00.15 часот на Плоштад Македонија, полициски службеници ги лишиле од слобода И.И.(32) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Полициски службеници на СВР Тетово ноќеска (25.10.2023) околу 03.10 часот на наплатна станица Тетово, ги лишиле од слобода Р.К.(38) од Скопје и О.А.(18) од Кочани, кои претходно во Гостивар извршиле тешка кражба на патничко возило „опел астра" со гостиварски регистарски ознаки, сопственост на 43-годишниот И.И. од гостиварски Градец. Возилото било паркирано на улица „Кеј братство единство", со клучевите во брава. Двајцата се задржани во Полициската станица Гостивар за расчистување и документирање на случајот и против нив ќе следуваат соодветни поднесоци.

Во текот на вчерашниот ден (24.10.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 246 возачи. Од нив 10 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 126 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 120 надвор од населено место

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (24.10.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 167 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 30 санкции, девет мерки за возење без возачка дозвола, три санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се три мерки за користење мобилен телефон при возење, седум санкции за непрописно престојување на возила, три мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 24.10.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 17 прекршоци од кои 11 надвор од населено место и 6 во населено место. Санкционирани биле и 12 други видови на прекршоци, од кои 2 за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 2 за возач почетник, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за некористење сигурносен појас и 5 за непропишано паркирање.

На 24.10.2023 во 13.30 часот било пријавено дека на бул.„Кочо Рацин" во Скопје автобус на ЈСП управуван од Б.Т.(50) од Скопје за да избегне сообраќајна незгода наглО запрел, при што во автобусот паднала патничката У.А.(46) од Скопје. Таа се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје

На 24.10.2023 во 14.50 часот во Полициската станица Карпош В.С.(53) од Скопје пријавил дека на бул. „Никола Карев" бил каснат од куче скитник.

На 24.10.2023 во 10.45 часот во СВР Охрид, Д.Х.П.А.(64) од Франција, со престој во селото Пештани, пријави дека на локален пат во селото бил каснат од куче скитник.

На 24.10.2023 полициски службеници од СВР Скопје ја лишија од слобода Е.Т.П. (38) од Скопје постапувајќи по пријава од Е.Р. (37) од Скопје дека на 23.10.2023 во угостителски објект на подрачјето на Центар со тврд предмет била нападната од Е.Т.П.. Со Е.Т.П. е извршен службен разговор и таа го признала делото, а извршен е разговор и со сведоци на настанот. По документирање на случајот, против Е.Т.П. е поднесена кривична пријава за кривично дело „насилство" по член 386 од КЗ и е предадена на ОЈО Скопје.

На 25.10.2023 во 11.30 часот во Струмица, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица го лишиле од слобода Г.П.(41) од Струмица. Тој се сомничи дека претходно во Струмица, од возило одзел паричник. Кај него биле пронајдени украдените пари и ќе бидат вратени на сопственикот. Лицето било задржано во Полициската станица Струмица, а за настанот бил запознаен Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица. По целосно документирање на случајот против Г.П. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.10.2023 околу 15 часот од трговскиот центар Ист Геј во Скопје во СВР Скопје е пријавено дека било пукано кон две лица кои се здобиле со повреди и веднаш се упатени полициски екипи за расчистување на случајот. Утврдено е дека машко лице со пиштол пукало кон Р.Т. (36) и Д.Т. (23) од Скопје. На повредените им е укажана лекарска помош во ГОБ "Св.Наум Охридски". Се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителот и расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ј.Д.(29) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". При претрес во неговото патничко возило, извршен со судска наредба, полициските службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога пронајдоа и одземаа марихуана, намонета за натамошна продажба.

На 24.10.2023 во СВР Битола В.К.(64) од Битола пријавил дека во близина на спортската сала „Боро Чурлевски" во Битола бил каснат од куче скитник.

На 24.10.2023 во СВР Битола М.И.(43) од Битола пријавил дека во Битола бил каснат од куче скитник.

На 24.10.2023 во 20.25 часот во Полициска станица Гази Баба, 49-годишна жена од Скопје пријавила дека била измамена од С.В. од Скопје, кому му дала 922.600 денари во врска со операција на нејзиниот син во болница во Турција. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.10.2023 во 14.30 часот во СВР Скопје, Х.Т.(49) од Скопје пријавил дека на 20.10.2023 околу 12.50 часот во дворот на основно училиште на подрачје на Бит Пазар неговиот син бил физички нападнат од четири лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (25.10.2023) во 08.20 часот во СВР Скопје 37- годишна жена пријавила дека околу 00.30 часот во домот на подрачјето на Центар била физички нападната од нејзиниот сопруг З.И. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.10.2023 во 19.50 часот во СВР Скопје А.Д.(39) од Скопје, пријавила дека на подрачјето на Бит Пазар била физички нападната од Б.Д.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.10.2023 во 14.55 часот во СВР Скопје било пријавено дека во домот на подрачјето на Ѓорче Петров бил пронајден починат М.Т.(53) од Скопје. Од страна на лекар од Ургентна медицинска помош констатирана дека смрт. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено за обдукција.

На 24.10.2023 во 17.45 часот во СВР Скопје М.Б.(30) од с.Арачиново-скопско пријавил дека околу 16.30 часот во Старата скопска чаршија, тој и В.С. биле физички нападнати од Ф.Б. од с.Арачиново и А.А. од с.Сарај, а бил употребен и остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.10.2023 во 21.30 часот во СВР Скопје Е.Д.(49) од Скопје, пријавила дека околу 18.40 часот на подрачјето на Карпош нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Ф.Т.(29) од Куманово, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „затајување". Пријавениот, со намера за себе противправно да присвои туѓ подвижен предмет, доверен од оштетениот Д.Т., на 08.10.2023 година во куќа на оштетениот во Куманово, примил пари, кои оштетениот му ги доверил на пријавениот со цел на 09.10.2023 година во Скопје да ги доисплати за возило кое било пазарено на 07.10.2023 година, но на 09.10.2023 година пријавениот му кажал на оштетениот дека ги изгубил парите.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Б.О.(40) од Кочани, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење службено дејствие". На 03.10.2023 во Кочани, пријавениот му упатил закани и физички нападнал вработен во јавно претпријатие, кој извршувал службени задачи-санирање на дефект на водоводна мрежа.

На 24.10.2023 во 17.30 часот во СВР Скопје Ф.Ј.(41) од Скопје, пријавил дека околу 12.00 часот во двор од основно училиште на подрачјето на Карпош неговиот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник со тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.А. (22) од Велес, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 12.02.2023 на автопат Велес-Скопје, кај клучка Петровец, при легитимирање пријавениот приложил фалсификувана бугарска возачка дозвола.

СВР Велес поднесе кривична пријава против И.К. (28) и Х.З. (27) двајцата од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „,фалсификување на пари". На 08.08.2023, од казино било пријавено дека истиот ден пријавените на вработена во казиното и дале 600 долари, во банкноти од по 100 долари, кои со извршено вештачење е констатирано дека се фалсификат.

На 24.10.2023 во 19.20 часот во СВР Скопје Л.Г.(64) од Скопје пријавила дека на 21.10.2023 околу 01.00 часот во автобус на ЈСП на подрачјето на Хиподром нејзиниот внук бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против С.Т.(18) од прилепско и Х.Ц.(19) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" и „овозможување на употреба на наркотични дроги". На 15.02.2023 првопријавениот му продал марихуана на второпријавениот, а на 19.02.2023 во Прилеп при извршен преглед над второпријавениот, пронајдена била марихуана.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет